## 50 ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА MJCCE

На 5 јуни 2024 г. во Македонската академија на науките и уметностите беше одбележен јубилејот 50 години од излегувањето на првиот број на *Гласникот на хемичарите и технолозите на Македонија*. Во присуство на претходни главни и одговорни уредници, секциски уредници, рецензенти, автори, колеги од Институтот за хемија, Технолошко металуршкиот факултет и поддржувачи и гости, кусо обраќање со преглед на историјата и еволуцијата имаше проф. Зоран Здравковски, сегашниот главен и одговорен уредник на списанието.

На претходните главни и одговорни уредници – академик Бојан Шоптрајанов, проф. Свето Хаџи Јорданов, академик Глигор Јовановски, проф. Маја Цветковска, проф. Трајче Стафилов и проф. Елеонора Вилкенхаузен, им беа доделени признанија. Благодарници им беа доделени на ректорот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Билјана Ангелова, на деканот на Природно-математички факултет проф. Даворин Трпески, на раководителот на Институтот за хемија проф. Наташа Ристовска, на деканот на Технолошко-металуршкиот факултет Стефан Кујунџиев и на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ проф. Дејан Мираковски.



Групна фотографија на дел од учесниците на прославата

Зоран Здравковски